**3787.**

Врз основа на член 158-ѕ точка 1) а во врска со член 66 став (2), член 129 став (2), (3) и (4) и член 134-ж став (3), (4) и (5) од Законот за супервизија на осигурување од Законот за супервизија на осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/2010, 44/2011, 188/2013, 112/2014, 153/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и 198/2018 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019 и 31/2020) Советот на Експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување на седница одржана на ден 17.11.2020 година донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ, ПОСТАПКАТА И ДОКУМЕНТАЦИЈАТА ПОТРЕБНА ЗА ДОБИВАЊЕ СОГЛАСНОСТИ**

Член 1

Во Правилникот за начинот, постапката и документацијата потребна за добивање согласности ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 246/2019) во член 3 став (4) точката 2 се брише.

Точките 3,4,5,6,7,8,9,10,11,12,13,14,15,16,17 и 18 стануваат точки 3, 4,5,6,7,8,9,10,11,12,13,14,15, 16 и 17.

Член 2

(1) Започнатите постапки за добивање на согласности до денот на започнување на примената на овој правилник ќе завршат согласно Правилникот за начинот, постапката и документацијата потребна за добивање согласности ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 246/2019).

(2) Во случаите од ставот 1 на овој член, Агенцијата за супервизија на осигурување ќе изврши увид во документот за лична идентификација при постапките за добивање на согласности.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Образложение

Целта на измените на Правилникот за начинот, постапката и документацијата потребна за добивање согласности е негово усогласување со одредбите на Законот за заштита на личните податоци и со Законот за личната карта.

Бр. 01-740/1
17 ноември 2020 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
**Крсте Шајноски, с.р.**

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3788.**

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 и член 235 ставови (2) и (3) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.96/19) и член 21 став (1) точка 1) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20 и 246/20), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 19 ноември 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Во Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија („Службен весник на Република Македонија" бр. 106/13 и 15/17), издадена на Друштвото за продажба на енергија ГЕН-И ПРОДАЖБА НА ЕНЕРГИЈА ДООЕЛ Скопје, Прилог 1 се заменува со нов Прилог кој е составен дел од оваа одлука.

2. Измената на лиценцата од точка 1 на оваа одлука се врши по службена должност поради усогласувањето со Законот за енергетика* и прописите и правилата донесени врз основа на Законот за енергетика*.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

УП1 бр. 07-130/13
19 ноември 2020 година
Скопје

Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија
Претседател,
**Марко Бислимоски, с.р.**

**Прилог:**

**ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

**1. Назив и седиште на носителот на лиценцата**

Друштво за продажба на енергија ГЕН-И ПРОДАЖБА НА ЕНЕРГИЈА ДООЕЛ Скопје, со седиште на Булевар Партизански Одреди бр.15А/1 Скопје-Центар, Република Северна Македонија

**2. Енергетската дејност за која се издава лиценцата:** Снабдување со електрична енергија

**3. Датум на издавање на лиценцата:** 29 јули 2013 година